АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 06. 11. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5450 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 до 31 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Анализирани се девет[1] изданија на Дневникот од 18 часот и 30 минути. Вкупното времетраење на анализираните прилози во извештајниот период (од 22 до 31 октомври) е 3 часа 45 минути и 49 секунди.

[1] Поради технички проблеми со снимките, не е анализирано изданието на Вестите од 31 октомври 2016 г.

Информативните жанрови, (вест, вест во низа, извештај, извештај со коментар, изјави) го сочинуваат вкупното време на анализираните прилози во централното-дневно информативно издание. *(Табела 1)*

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ 21 М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Други субјекти | 00:28:04 | 12,43 | % |
| Влада на РМ | 00:21:48 | 9,65 | % |
| Специјално обвинителство | 00:05:34 | 2,47 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:27:16 | 12,07 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:05:18 | 2,35 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:10:17 | 4,55 | % |
| ДИК и други органи | 00:10:59 | 4,86 | % |
| Граѓански сектор | 00:29:21 | 13,00 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:07:00 | 3,10 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:32 | 3,34 | % |
| Без субјекти | 00:27:45 | 12,29 | % |
| СДСМ | 00:10:22 | 4,59 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:33 | 0,24 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:33 | 0,24 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:33 | 0,24 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:38 | 1,17 | % |
| ДПА-ДР | 00:02:23 | 1,06 | % |
| Судство | 00:02:48 | 1,24 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:10:39 | 4,72 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:01:00 | 0,44 | % |
| Унитети | 00:01:20 | 0,59 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:46 | 0,34 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:34 | 2,02 | % |
| Беса | 00:01:09 | 0,51 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:19 | 0,58 | % |
| ФРОДЕМ | 00:00:10 | 0,07 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:01:19 | 0,58 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:10 | 0,07 | % |
| Привремена комисија | 00:00:58 | 0,43 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:41 | 0,75 | % |
| Вкупно: | 03:45:49 | 100 | % |

Четири субјекти, од вкупно триесет колку што се застапени во анализираните прилози на Телевизија 21 М, имаат двоцифрена процентуална застапеност и временски речиси еднаква присутност (од 27 до 29 минути). Заедно сочинуваат половина од вкупното време на емитуваните прилози што се предмет на методолошка анализа. Станува збор за следниве субјекти: „Граѓански сектор", „Други субјекти", „Без субјекти" и „Експерти/аналитичари".

„Најзастапена" меѓу четирите субјекти, ако така може да се рече, е категоријата „Граѓански сектор" (13% или 29 минути) во којашто влегуваат информациите за активностите на невладините организации. Станува

збор за повеќе различни настани за коишто медиумот информира во рамки на централното дневно-информативно издание. Неколку од настаните се поврзани со изборниот процес, при што се пренесени ставовите на невладините организации по повод некое случување или пак самите тие се креатори на настан поврзан со изборите. Пренесени се ставовите на „Цивил" во врска со пријавувањето на иселениците преку интернет, како дел од активностите на ДИК, а медиумот информираше и за пресовите на „Мост" и „Цивил", во врска со нивната екипираност за претстојните избори. Како дел од настаните поврзани со изборите, телевизијата ги следеше и активностите на граѓанската иницијатива под мотото „Ние одлучуваме", којашто има за цел да ја подигне свеста кај граѓаните за изборниот процес. Неколку настани поврзани со синдикални организации, како дел од граѓанското општество, исто така беа во фокусот на интерес на медиумот. Во таа насока телевизијата информираше за формирањето на Независниот академски синдикат, за судирите во Синдикатот на одбрана и безбедност и за протестите организирани од страна на синдикатот на фабриката „Колска", којашто работи како дел од Македонски железници. Дел од настаните поврзани со невладините организации, коишто најдоа место во вестите на ТВ 21 М, се и за реакцијата на Здружението на ретки болести против владините финансиски кратења за болните од овие заболувања, прес конференцијата на „Еко герила" од Тетово во врска со загадувањето на воздухот од комбинатот Југохром, ставовите на НВО во врска со мигрантите кои се наоѓаат во прифатниот центар кај Гевгелија, во врска со искористувањето на вишокот храна што ни останува, залагањето на „Анима мунди" да се прифати веганизмот како начин на живот со цел хуман третман на животните и др.

Во категоријата „Други субјекти" (12.43% или 28 минути) во овој шестти по ред извештаен период се кодирани: компанија „Ериксон", „Телеком", портал „Актуелно", Институт за политичко-правни истражувања, клиника „Филип Втори", ректорот на универзитетот „Мајка Тереза", Народен правобранител, НЛБ банка, Комерцијална банка, Фудбалска федерација на Македонија, адвокати, новинари, писатели, рецензенти и други.

Застапеноста на субјектите методолошки класифицирани како „Без субјекти" ја сочинуваат пред се неколку прилози посветени на инфраструктурни проблеми со коишто се срекаваат жителите на неколку скопски населени места (потреба од детска градинка во село Кондово, затворена градинката „Снежана" во Чаир поради штети од земјотресот, повеќедневни проблеми со греењето во ОУ „Јашар Беј Шкупи" во Чаир, несоодветните услови за живот на мигрантите во кампот крај Гевгелија) и два прилога од хуман карактер, со цел да им се помогне на две деца да добијат соодветна здравствена помош. Во сите овие прилози главен соговорник се засегнатите граѓани коишто ги изложуваат проблемите со коишто се соочуваат и оттука застапеноста на субјектите кодирани како „Без субјекти". Присутноста ја дополнуваат уште неколку прилози реализирани главно со граѓаните: репортажа за иселувањата на жителите од село Жировница, сторија за жител на Скопје кој 53 години е без документи за државјанство, интерес кај студентите за студирање во странство, предвремен пубертет кај децата итн.

Телевизијата продолжува со практиката, за голем дел од настаните за коишто информира, да одвои простор за експертите/аналитичарите, да го искажат својот став по повод тие случувања. Дел од експертските мислења презентирани во вестите на ТВ 21 М се емитуваат како сублимирани прилози од емисијата „Клик плус", во којашто често гостуваат експерти/аналитичари коишто со своето мислење придонесуваат за емисијата, а дел од експертските мислења се вградени во други прилози, емитувани независно од „Клик плус". Телевизијата отстапува простор за различни гледишта и мислења. Во овој извештаен период беше неопходно експертското мислење за две подоминантни теми коишто беа во фокусот на интерес на медиумот, едната поврзана со работата на Управата за безбедност и контраразузнавање (непочитување на судска одлука, паралелни институции во МВР, прислушувањата како алиби за безбедноста, мистериозноста на сателитските антени лоцирани позади Водно), а втората е од економската сфера поврзана со пензискиот фонд (незаконско финансирање на пензискиот фонд од буџетот, стравувањата дека идните генерации пензионери може да останат без пензии).

Четиринаесет политички субјекти се дел од информациите емитувани во централното дневно-информативно издание на Телевизија 21 М. Според временската застапеност, простор е одвоен пред се за

три политички субјекти (СДСМ, ВМРО ДПМНЕ и ДУИ), а во прилозите на ТВ 21 М се присутни и следниве политички партии: ДПА. ДПА-ДР, ГРОМ, Унитети, Демократски сојуз, ВМРО НП, Беса, ДОМ, ЛДП, ФРОДЕМ, Обединети за Македонија.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ 21 М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Други субјекти | 00:07:42 | 14,21 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:11:23 | 21,00 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:21 | 2,49 | % |
| Граѓански сектор | 00:08:04 | 14,88 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:23 | 4,40 | % |
| Влада на РМ | 00:05:28 | 10,09 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:42 | 4,98 | % |
| СДСМ | 00:02:45 | 5,07 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:22 | 2,52 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:33 | 4,70 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:52 | 1,60 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:58 | 3,63 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:32 | 0,98 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:32 | 2,83 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:32 | 0,98 | % |
| Унитети | 00:00:36 | 1,11 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:12 | 2,21 | % |
| Беса | 00:00:15 | 0,46 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:10 | 0,31 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:18 | 0,55 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:32 | 0,98 | % |
| | **Вкупно: 00:54:12** | 100 | % |

Една петтина од времето на директните обраќања е одвоено за ставовите на експертите и аналитичарите што медиумот ги презентира во градењето на своите прилози. Двоцифрена процентуална застапеност е одвоена уште за непосредниот контакт со публиката на следниве субјекти: претставниците на „Граѓанскиот сектор“, субјектите кодирани како „Други субјекти“ и на „Влада на РМ“.

***Посебни информативни емисии***

*Дебатни емисии*

Во рамки на шестиот извештаен период (од 22 до 31 октомври), се емитувани 4 премиерни дебатни изданија на емисијата „Клик плус“, десет репризи на емисијата, од кои осум (по две) на премиерите од овој извештаен период и две репризи на емисијата „Клик плус“ од 21 октомври, емитувана во рамки на претходниот извештаен период.

Првото премиерно издание е емитувано на 25 октомври. За изборната реторика на партиите, во студиото на ТВ 21 М дебатираа претставниците на двете најголеми партии од албанскиот политички блок, Џевад Адеми од ДУИ и Идриз Орана од ДПА и аналитичарите Висар Адеми и Абедин Зимбери. Емисијата беше уште два пати репризирана наредниот ден, на 26 октомври, во стандардните термини за реприза на оваа емисија, рано наутро и претпладне.

Истиот ден, 26 октомври, беше емитувано второто дебатно издание на емисијата „Клик плус“ посветено на изборите и на политичкото дејствување во предизборниот период на партијата „Беса“. Гостуваа аналитичарите Исмет Рамадани, Лирим Дулови и Имер Исмаили и претседателот на „Беса“, Билал Касами. Двете реприза се емитувани наредниот ден.

Изданието на емисијата од 27 октомври е посветено на претстојниот извештај што треба да го соопшти Европската унија за нашата земја. Во студиото разговараа Малинка Ристеска Јорданова од Институтот за европски политики, Љупчо Зиков, новинар, Ристо Никовски, аналитичар и Лидија Димова од СДСМ. Водителката напоменува дека била упатена покана за учество во емисијата и до ВМРО ДПМНЕ, но до почетокот на емисијата не добиле одговор од политичката партија. Наредниот ден се емитувани две реприза на оваа емисија.

Последното премиерно издание на „Клик плус“ во овој извештаен период е реализирано на 28 октомври. На теми поврзани со работата на тајните служби во Македонија и за прислушувањето, дискутираа експертите Александар Диневски и Стојан Славески. На 29 октомври се емитувани две реприза од ова издание на дебатната емисија.

Двете реприза на емисијата од 21 октомври (која е дел од претходниот извештаен период) се емитувани на 22 октомври. Станува збор за емисијата во којашто на тема „Кој е кој во борбата со криминалот“ во студиото на ТВ 21 М дискутираа Слаѓана Тасева од Транспарентност – Македонија, Јордан Митриновски, поранешен судија и Мирослав Вујиќ, адвокат.

*Интервјуа*

Во периодот од 22 до 31 октомври, се емитувани 5 интервјуа, четири во рамки на емисијата „10 минути“ и едно во рамки на утринската програма.

Интервјуто од 25 октомври е со министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, со кого се разговараше главно за случувањата во Управата за безбедност и контраразузнавање поврзани со истрагата на Специјалното јавно обвинителство.

За случувањата во Министерството за внатрешни работи се разговараше и во следното интервју, реализирано наредниот ден (26 октомври) во рамки на емисијата „10 минути“, кога гостуваше заменик министерот на МВР, Агим Нухиу.

На 27 октомври е емитуван разговор со претседателот на ДПА-ДР, Зијадин Села. Соработката на опозициските партии од албанскиот политички блок, беше главната тема на дискусија.

Последното интервју реализирано во рамки на емисијата „10 минути“, е со професорот од Правниот факултет при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, Драги Рашковски, на теми поврзани пред се со изборите (исчезнувањето на печатите на ДИК, гласањето на дијаспората и др.). Интервјуто е емитувано на 28 октомври.

Во рамки на утринската програма од 24 октомври е емитуван разговор со директорот на Здравствен дом „Скопје“, Бесим Кока.

***Сектор за програмски работи***